CNVP
Building a Greener Economic Environment

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI RURAL

PONT | PRESPA OHRID NATURE TRUST

# МАПА НА ЛОКАЛИТЕТИ ВО РЕОНОТ НА ИЛИНСКА ПЛАНИНА




Поддршката на ЦНВП за производство на оваа мапа не претставува одобрување на содржината која ги одразува само гледиштата на авторите и ЦНВП не може да биде одговорен за каква било употреба што може да се направи на информациите содржани во неа.

CNVP
Building a Greener Economic Environment

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI RURAL

PONT | PRESPA OHRID NATURE TRUST

# МАПА НА ЛОКАЛИТЕТИ И БИЗНИС МОЖНОСТИ ВО КИЧЕВСКИОТ РЕГИОН И РЕОНОТ НА ИЛИНСКА ПЛАНИНА



## Манастир Св. Богородица - Пречиста

Манастирот Св. Богородица – Пречиста е познат како Кичевски или Кринскиманастир, средновековен манастир во областа на градот Кичево. Сместен е на планината Цоцан, на надморска височина од 920 метри. До него се стигнува кога излегувате од Кичево и одите по магистралниот пат кон Битола, на 10 километри јужно од градот. Тој всушност е свет храм на сите верници, без разлика дали се или не се православни. Внатрешноста на црквата така е направена, зашто под еден ист покрив се собираат и христијаните и муслиманите, кои подеднакво ја почитуваат.



## Кнежински манастир Св. Георгиј Победоносец (Св. Ѓорѓија)

Кнежински манастир — манастирски комплекс во областа Копачка, западно од градот Кичево, во непосредна близина на селото Кнежино. Манастирот се наоѓа на падините на планината Бистра, на надморска височина од над 900 метри. Пределот е богат со вегетација, со букова и дабова шума. Некои од дрвата се со повеќе вековна старост. Во манастирскиот двор се наоѓаат две чешми низ кои протекува изворска вода, која народот ја смета за лековита.

## Китино Кале



Китино Кале — археолошко наоѓалиште во Кичево од типот на утврдена населба од бронзеното и железното време, како и од средниот век. Местото го добило името Китино кале по кнегињата Кита, сестрата на Крале Марко, која живеела во дворецот на Калето. Кичево во ова време го викале и Китинград. Тврдината зафаќа површина од 1,5 хектари и опфаќа ѕидини во должина од 440 метри и пет кули. Во близина на бедемите се наоѓала и саат-кула, која била уништена во пожар.



## Куќа на уметноста – село Кнежино

Совршено место за одмор и релаксација, вистинско место за секојдневна посета преку цела година. Оддалечена само 6 километри од градот Кичево, Куќа на уметноста се наоѓа на 960 метри надморска височина опкружена со густа борова и дабова шума препознатлива е по тоа што години наназад беше домаќин и еден од организаторите на Меѓународна ликовна колонија.



## Извор на река Треска

Изворите на Треска се Еловечка Река, на источната страна на планината Стогово и Беличка Река од северните падини на Илинска Планина. Текот на Треска започнува кај селото Другово, Кичевско, кајшто се составуваат овие два крака. По својот тек низ кичевскиот крај реката се нарекува Голема Река, а низ Поречието — Велика Река. Покрај изворот на река Треска се наоѓа и селото Извор.



## Село Ехлоец, Кичево

Селото се наоѓа во областа Копачка, во јужниот дел на територијата на Општина Кичево, чиј атар нашироко се допира со подрачјето на Општина Маврово и Ростуше Селото е планинско, на надморска височина од 1.040 метри. Од градот Кичево е оддалечено 19 километри. Тоа е најоддалечено село во Кичевската Котлина, сместено во нејзиниот југозападен дел. Се наоѓа во изворишниот дел на Треска, на падините на планината Стогово. Ехлоец е познато како единствено мијачко село од источната страна на планинскиот венец Бистра-Стогово, кое природно гравитира кон Кичево. Во атарот на ова село се наоѓа и бизнис локалитетот "Куќаре на планина"



## Осломејско езеро

Осломејско Езеро — вештачко езеро во близина на селата Стрелци и Шутово, во Кичевскиот регион. Езерото влегува во групата на оформени акумулации, а е настанато во една од депресиите на руднкот за јаглен во РЕК "Осломеј".Езерото има површина од над 30.000 метри квадратни и има максимална длабочина од 15 метри. Континуирано езерото се порибува и е погодно за развој на риболов и рекреативен туризам.



## Извори на минерална вода, с. Свињиште

Селото Свињишта, Кичево е мало, но со големи природни убавини каде има непресушен извор со минерална вода. Постојано тече од две чешми, а извира од планински извор. Се смета дека водата е лековита, а во селото доаѓаат посетители од сите краишта на земјата само за да наполнат вода. Ова село освен што е познато по изворите на минерална вода, познато е и по мелењето на брашно во локалната селска воденица која што се наоѓа во непосредна близина на изворите со минерална вода, а беше реновирана со граѓанска иницијатива на Локалната Акциска Група Треска.



## Илинска Планина

Илинска Планина или Пространска Планина е средновисока планина во западна Македонија со динарски правец на протегање од северозапад кон југоисток.. Највисоки врвови се Лиска (1.909 м) и Старец (1.577 м). На Илинска Планина се развиени изворишните челенки на Мраморечка и Беличка Река. Планинските страни се под шума, а високите делови под планински пасишта.. Изобилува со букова шума во високите и средните делови, како и дабова во пониските делови. Токму поради можностите што ги нуди се повеќе е посакувана како турстичка дестинација за пешачење и рекреативен планински туризам.



## Самовилски водопади, село Добреноец, Кичево

Самовилски Водопади — водопади кои се наоѓаат по текот на реката Студенчица, на северозапад од напуштеното село Фрлогоец. Оддалечени се околу 15 километри од Кичево на надморска височина од 1250 метри. Се напојуваат со вода од изворите кои доаѓаат од Женска Планина и Пашиница (делови на Бистра). Двата Самовилски водопади се постојани во текот на целата година, со пад на водата од 15 метри (малиот), односно 25 метри (големиот). До нив се стигнува по маркирана патека во должина од 3,5 километри која почнува од каптажата за вода на река Студенчица, до којашто пак води земјен пат од село Горно Добреноец.



## Лопушник

Лопушник е планина која е јужен огранок на планината Бистра. Целата месност е пониска од околните врвови на Бистра и е со густа букова шума. Највисока точка е врвот Стог со надморска височина од 1.574 метри. Во македонската историја планината е позната по тоа што на овие падини во НОБ одредено време престојувал Главниот штаб на НОБ. Во редовите на партизаните на Лопушник бил и Кочо Рацин, познатиот македонски поет и револуционер, кој ја напишал збирката "Бели Мугри" и кој тука и загинал. Споменикот се наоѓа на 1.5оо метри надморска височина и секоја година традиционално се одбележува годишнината од неговата смрт.

Поддршката на ЦНВП за производство на оваа мапа не претставува одобрување на содржината која ги одразува само гледиштата на авторите и ЦНВП не може да биде одговорен за каква било употреба што може да се направи на информациите содржани во неа.